# ПРАВИЛНИК
# ЗА ОБЛИКОТ И СОДРЖИНАТА НА БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБАТА И БИЛАНСОТ НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ ЗА БУЏЕТИТЕ И БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ

ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ-Неофицијална верзија [1]

(„Службен весник на Република Македонија”
бр. 79/03, 74/05, 109/05, 88/09 и 175/11)

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува обликот и содржината на билансот на состојбата и билансот на приходите и расходите за буџетите и буџетските корисници.

**Член 2**

Буџетите и буџетските корисници ја искажуваат состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата на образецот “Биланс на состојбата” на ден _____ година, приходите и други приливи, расходите и други одливи на образецот “Приходи и расходи во текот на годината - Биланс на приходите и расходите”, во периодот од 1 јануари до ___ година, што се составен дел на овој правилник.

Буџетите и буџетските корисници ги составуваат обрасците од став 1 на овој член според ознаките на овие биланси кои се однесуваат одделно за буџетите и одделно за буџетските корисници.

**Член 3**

При пополнување на обрасците од член 2 на овој правилник, буџетите и буџетските корисници ги внесуваат податоците во определени позиции од колоната 2 и 3 како и на ознаките на АОП од колоната 4, од групите на сметки и од сметките согласно Правилникот за сметковниот план и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план, кои се однесуваат за буџетите и буџетските корисници.

---

[1] Пречистениот текст на овој Правилник ги содржи Правилникот за обликот и содржината на билансот на состојбата и билансот на приходите и расходите за буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на Република Македонија " бр. 79/03), Правилник за изменување на Правилникот за обликот и содржината на билансот на состојбата и билансот на приходите и расходите за буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на Република Македонија " бр. 74/05), Правилник за изменување на Правилникот за обликот и содржината на билансот на состојбата и билансот на приходите и расходите за буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на Република Македонија " бр. 109/05), Правилникот за дополнување на Правилникот за обликот и содржината на билансот на состојбата и билансот на приходите и расходите за буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на Република Македонија " бр. 88/09) и Правилникот за изменување на Правилникот за обликот и содржината на билансот на состојбата и билансот на приходите и расходите за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија " бр. 175/11).

## Член 4

Обрасците од член 2 на овој правилник се стандардизирани и истите се приспособуваат за автоматска обработка од Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар во соработка со Министерството за финансии.

Обрасците од член 2 на овој правилник се објавуваат на ВЕБ страницата на Министерството за финансии и истите можат да се користат за пополнување и печатење како веродостојни обрасци.

## Член 5

Паричните вредности во обрасците од член 2 на овој правилник се искажуваат во денари без дени.

## Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2003 година.